**Образец за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за проектот “ Реконструкција на локалните улици “1” and “2” во населеното место Новаци во општина Новаци ”**

**Опис на проектот**

Проектните активности за реконструкција на локалните улици „1“ и „2“ ќе се одвиваат во населеното место Новаци во општина Новаци. Општина Новаци е лоцирана во југозападниот дел на Република Северна Македонија. Се граничи со општините Прилеп и Могила на север, со општина Битола на запад и со Република Грција на југ и исток. Според последниот национален попис од 2021 година, општина Новаци има вкупно население од 2.468 жители.

Проектните активности за реконструкција на локалната улица „1“ со вкупна должина од 554,50 метри и локалната улица „2“ со вкупна должина од 443,04 метри ќе се одвиваат во централниот дел на населбата Новаци во општина Новаци.

**Улица ‘’1’’**

Активностите за реконструкција на локалната улица „1“ ќе се одвиваат во централниот дел на населбата Новаци. Улицата е со должина од 554,50 метри, променлива ширина од 3 – 5 метри и има правец запад-исток. Трасата започнува веднаш до поштата Новаци, на раскрсницата со регионалниот пат Р1311. На левата страна на улицата, на приближно 50 метри од почетокот на патеката, се наоѓа детско игралиште. Трасата потоа минува покрај индивидуални куќи и земјоделското претпријатие „ЗИК Пелагонија“. Локалната улица „1“ се вкрстува со локалната улица „2“ на приближно 200 метри од почетокот на трасата. Улицата е слепа улица која завршува во близина на каналот Х, кој има правец север-југ и се користи за испуштање на атмосферски води. Улицата е асфалтирана, но е во лоша состојба со видливи оштетувања во вид на дупки и надолжни и напречни пукнатини, забележани при теренската посета извршена на 09.08.2023 година. Активностите за реконструкција предвидуваат проширување на улицата до 7 метри, со тротоари од двете страни на улицата.

**Улица ‘’2’’**

Активностите за реконструкција на локалната улица „2“ ќе се одвиваат во централниот дел на населбата Новаци. Улицата е со должина од 443,04 метри и променлива ширина од 3 – 3,5 метри, со правец север-југ. Трасата започнува на раскрсницата со улица „1“ веднаш до земјоделското претпријатие „ЗИК Пелагонија“. По улицата „2“ се наоѓа земјоделското претпријатие „ЗИК Пелагонија“, од левата страна на улицата на првите 100 метри од трасата. Покрај „ЗИК Пелагонија“, од левата страна на улицата се наоѓаат само земјоделски површини. Од десната страна на улицата има само индивидуални куќи, освен малата фабрика за месо лоцирана на крајот од трасата.

Улицата е асфалтирана, но е во лоша состојба со видливи оштетувања во вид на дупки и надолжни и напречни пукнатини, забележани при теренската посета извршена на 09.08.2023 година. Активностите за реконструкција предвидуваат проширување на улицата до 7 метри, со тротоари од двете страни на улицата. За време на посетата на терен од страна на тимот на СБ, општинскиот персонал има предложено изградба на земјен канал како дел од системот за одводнување, наместо пешачка патека од левата страна на улицата.

**Електронската верзија на Контролната листа на ПУЖССА за проектот „Реконструкција на локалните улици „1“ и „2“ во населеното место Новаци во Општина Новаци“ е достапна на следниве веб-страни**:

- Општина Новаци (https://opstinanovaci.gov.mk/)
- МТВ: http://mtc.gov.mk/
- ЕИП: www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар** * | |

<table>
<tr><td>Контакт информации*</td><td colspan="2">Е-пошта:<br><br>_______________________________<br><br>Тел:<br><br>_______________________________</td></tr>
<tr><td colspan="3">Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потпис<br><br>_______________________</td><td>Дата<br><br>_____________________</td></tr>
<tr><td colspan="3">Ако имате какви било коментари / предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за проектот „Реконструкција на локалните улици „1“ и „2“ во населеното место Новаци, во Општина Новаци”, ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:<br><br>Контакт лице: Јоже Јовановски<br><br>Е-пошта: joze.jovanovski.piu@mtc.gov.mk<br><br>Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за проектот „Реконструкција на локалните улици „1“ и „2“ во населеното место Новаци во Општина Новаци“<br><br>(датум на објава: 09.10.2023 година)</td></tr>
<tr><td colspan="3">Референтен број: _______________________________<br><br>(пополнето од страна на одговорните лица за спроведување на проектот)</td></tr>
</table>